Бр./Nr 12-4343/2
05.01. г./v. 2021

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (,,Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019),член 36 став 1, член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција од познат подносител – физичко лице, на 45-та седница одржана на ден 29 Декември 2020 година донесе

**О д л у к а**

Пријавата за корупција бр. 12- 4343/1 од 17.09.2019 година на подносителот ------------------------ од ------------------ СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема надлежност – нема елементи за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-4343 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12- 4343/1 од 17.09.2019 година.

Предметот со број 12-4343 од 2019 годи да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Примерок од одлуката да се достави до подносителот на пријавата.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12 - 4343 од 2019 година е оформен врз основа на добиена пријава бр. 12-4343/1 од 17.09.2019 година, од познат подносител - физичко лице, --------------------- од ---------------, со позната електронска адреса.

Со пријавата, која е многу кратка, се изнесуваат наводи за неправилно - спротивно на детален урбанистички план, асфалтирање на улицата "-------------------" во -------------------.

Подносителот го изразува своето незадоволство од отстапувањата во планираната и проектираната ширина на улицата при нејзиното асфалтирање и при тоа доставува фотокопија од скица на улицата, а од Државната комисија бара да го провери случајот и да утврди кој е надлежен за постапување по истиот.

Врз основа на податоците кои се содржани во предметната пријава и изнесеното барање, Државната комисија за спречување на корупцијата, утврди дека истата не содржи елементи за надлежно постапување на Државната комисија согласно со членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Одлучено на ден 29 Декември 2020 година под број 12 - 9343/2**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

Изработил: Х.М., Советник
Одобрил: К.Н, Член на ДКСК

Доставено до
-Архива
-Подносителот